**Забелешка: Да се даде објаснување за промените на цените.**

**Потребно време за пополнување на извештајот** |_|_|_| **мин.**

Во _______ 2024 година

Потпис на лицето што го пополнило извештајот

М.П.

Раководител

**УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗЕ.Ц.А**

Правна основа за реализација на ова статистичко истражување се Законот за државната статистика, односно Член 26 и член 30 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23)., во согласност со кои **извештајните единици се должни да му доставуваат статистички податоци на Државниот завод за статистика.**

**Извештајни единици**

За следење на цените на земјоделските производи се избираат одреден број извештајни единици што вршат откуп на земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители, земјоделските претпријатија и земјоделските задруги што произведуваат и продаваат земјоделски производи и индустриските претпријатија што преработуваат земјоделски производи и други.

**Периодика на истражувањето**

Истражувањето се спроведува со месечна периодика. Цената се снима на 15-ти во месецот за тековниот месец. Извештајните единици се должни извештаите да ги достават до регионалните одделенија за статистика најдоцна до 20-ти во месецот за тековниот месец.

**Третирање на таксите и субвенциите**

Субвенциите за сите производи не треба да се додаваат на цената. Цените се даваат без данок на додадена вредност (ДДВ).

**Место и процедура на снимање**

Цените што се снимаат треба да се формираат во првата фаза на пуштањето во промет, во трансакциите во кои продавач е земјоделскиот производител. **Цената се зема од ценовникот што важел на 15-ти во месецот.**

При пополнувањето на Извештајот треба да се придржувате кон дадените спецификации, а ако се даваат податоци за производи со други спецификации, треба задолжително да се назначат во делот „Забелешка".

**Заштита на податоците**

Податоците што се прибираат со ова статистичко истражување претставуваат индивидуални податоци што се заштитени со Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23).

Индивидуалните податоци ќе се користат исклучиво за статистички цели и како поединечни нема да се даваат, ниту ќе се користат за донесување какви било одлуки во врска со деловниот субјект.

Податоците што ќе се приберат се доверливи и ќе бидат уништени по изминувањето на временскиот рок утврден со акт на директорот на Државниот завод за статистика.